Верица Јосимовска,
Елена Јосимовска, Штип

# Судбината на Еврејското маало во Штип по 11 март 1943 година

Идејата да се направи еден ваков труд произлезе од написот „Noć kada je nestala Jevrejska mahala u Štipu“ објавен на 4 февруари 2005 година, во Новосадскиот весник *Дневник* . Во него Панче Јанев кој сега живее во Белград, а се родил во Штип, со многу емоции и револт му реплицира на Јани Милачков, тогашен амбасадор на Бугарија во Белград, кој се обидел да ја отфрли вината на Бугарија за депортацијата на македонските Евреи.

Во својата реплика Јанев пренесува и дел од своите сеќавања од 11 март 1943 година. Тој како тринаесет годишно момче ги доживеал сите ужаси на депортацијата бидејќи нивната куќа била во непосредна близина на еврејските куќи. Никогаш не разбрал, како што вели Јанев, како е изведено уривањето на куќите, кога само за една ноќ еврејското маало било избришано од штипскиот простор. Само за потсетување, на 11 март 1943 г. во 4 часот наутро, Штип бил блокиран од војска и полиција по што започнало депортирањето на Евреите од нивните домови. Насилно се влегувало во куќите претходно одбележани како „Еврејско жилиште“, ги прозивале по список со име и презиме, сите членови од едно семејство, и ги упатувале кон камионите за транспорт.[1]



***Свадбата на Сињора и Рофе , 1938 год. во Штип***

[1] Zhidas Daskalovski, Remembering the Past - Jewish culture battling for survival in Macedonia, *Central,Europe Review*, Vol.2, No. 4, 31 January 2000. http://www.ce-review.org/00/4/daskalovski4.html ( проверено 12 Септември 2014 год.)

Во Присуство на комисија во состав: Игнат Атанасов Моцев, околиски полициски началник и делегат на штипската еврејска општина во својство на претседател и членови: Лазар Петров Христов и Димитар Наумов Гајдарџиев високи општински службеници, на сите Евреи, пред да влезат во камионот им биле одземени сите вредни предмети: накитот, златните монети, часовниците, парите.....[2]



*Синагогата (Аварата) во Штип 1925 година*

Тоа кобно утро во конвојот камиони што се упатил кон железничката станица заминале сите штипски Евреи, 591 на број. Веднаш потоа, Еврејското маало станало мета на грабеж. Се влегувало во мртвите домови и практично се носело се што можело да се носи. Според сеќавањата на голем број од оние што биле очевидци на овој трагичен настан, виновниците не биле само меѓу Германците и Бугарите, во грабежот на имотот учествувале и еден дел од граѓаните. Тие, насилно влегувале во празните домови и земале кој што ќе стигне.

Уште истиот ден по депортацијата, околиската реквизициона комисија била задолжена да изврши попис на целокупниот движен имот. Се попишувале алишта и покуќнина како: мебел, бакарни садови, волна, памук, душеци, ќилими и други предмети. Сето тоа било складирано во Синагогата и во две поголеми соседни куќи кои имале добро обезбедување. Подоцна сите овие работи биле продавани преку по пат на огласи во печатот.



**ПРОДАЖБА НА ЕВРЕЙСКИ ВЕЩИ**

Съобщава се на интересуващитѣ се, че ...е, понедѣлникъ, 17 май, ще започне прод...а на покжщнинитѣ въ бившитѣ еврейски ...ща **находящи се на улица „127" №№ 9, 12, 16, 27, 28, 30, 32, 34, 36, 38, 39, 40, 50, 54, 62, и 90.**

Продажбата започва отъ 8 часа сутриньт... непрекжсвато до 6 часа следъ обѣдъ.

За констатирани нередовности по провежд... търга да се съобщава на помощникъ—км... ...анъ Захариевъ — Общината, стая № 24.

1-4...



**ПРОДАЖБА НА ЕВРЕЙСКИ ВЕЩИ**

Съобщава се на интересуващитѣ се, че на 8 и 9 юний т. г. ще се продаватъ покжщнинитѣ въ бившитѣ еврейски жилища, находящи се на ул. „190" № 2, ул. „Княгиня Евдокия" № 19, ул. „Фонъ Листъ" № 24 и ул. „247" № 14.

Отъ днесъ започватъ да се продаватъ и комплектни спални, столови, трапезарии и шевни машини.

Продажбата започва отъ 8 часа сутриньта и трае непрекжсвато до 6 часа следъ обѣдъ.

За констатирани нередовности по провеждане на търга да се съобщава на помощникъ—кмета г. Иванъ Захариевъ — Общината, стая № 24.

1-...

[2] ЦДА, ф. 190к, оп.1, а.е. 403, л. 1; а.е. 404, л. 17; а.е.397, л. 1–2 и архив на МВР, а.е. NoНСП-446, л.11.

Во реквизиционата комисија што била назначена од  градоначалникот на Штип, Тодор Станков, биле: Околискиот управител Иван Дилов како претседател и членовите: Љубомир Панев, директор на БНБ (Бугарска народна банка), Спас Крстанов, штипски околиски даночен началник, Љубомир Тасев, околиски агроном, д-р Тодор Гичев, околиски медицински лекар, д-р Мара Костова, заболекар, д-р Руси Русев, заболекар. [3]

Интересно е да се каже дека оваа комисија имала должност да ги реквирира сите медицински инструменти за потребите на воените власти. Така во присуство на капетанот Јордан Палашев, преставник на I коњички полк  во Штип, сите инструменти од стоматолошката ординација, сопственост на д-р Менахем Самуел Капуано, во Штип познат како д-р Мишел, биле одземени за потребите на војската.

Согласно заповедот бр.2391  од Главната реквизициона комисија  во Софија, во оценителниот протокол на Околиската реквизициона комисија стои запишано дека одземените инструменти на д-р Капуано се однесени во воената болница  на I коњички полк во Штип. Во списокот е назначено дека е  одземен стоматолошки стол, стерилизатор, оперативен стол, бор машина, комплетен материјал за стоматолошка протетска ординација и др.[4]




Еврејското маало од левата и десната страна на реката Отиња со Синагогата во средина обележана со бројот 1. Од некогашните еврејски куќи преживеела

[3] Централен държавен архив (ЦДА) София, ф.372к, оп.2, а.е 61.

[4] *Истото*

само крајната куќа од десно. Таа постои и денес позната како куќата на баба Солунка.

**Просторот на Еврејското маало во Штип во различни временски периоди**




*Еврејското маало 1943 година пред депортацијата*



*Еврејското маало по депортацијата. Работна акција за расчистување на остатоците од урнатите куќи, во која првенствено биле ангажирани учениците и младинците од градот.*



*Ученички од штипската гимназија 1943 година, сликани на местото на некогашното Еврејско маало*



*Градски парк на местото на Еврејското маало изграден по Втората светска војна кој денес не постои*



*Местото на Еврејското маало денес*



*Симбол на некогашното еврејско маало – Споменик на Евреите во Штип*

Судбината на Еврејското маало во Штип по заминувањето на неговите жители, беше толку трагична што остави длабоки траги во сеќавањата на очевидците. Уништено до темел, без трага, ни прозор ни врата ни темел, но, неговата локација остана да постои како усно предание во колективната меморија на Штип. Безмилосното уривање на домовите на луѓето не беше ништо друго до желбата да се сокрие вистината од светот.

Но, таа ни тогаш а ни денес не може да се сокрие ниту пак да се заборави. Покрај усните кажувања на оние Штипјани што сето ова го виделе со свои очи, особено оние помладите, останаа како сведоци и разните документи по историските архиви во кои многу јасно е напишано што и од кого е одземено. Во разните објави за распродажба на имотот на Евреите таа вистина сеуште е жива. И фотографиите се исто така едно големо сведоштво за настаните што се случувале по депортацијата. Тие точно ги забележале сите етапи на бришењето на историјата зад која стои големото злосторство.




*Дел од Еврејското маало до 1943 година*